Почитувани советници,

Програмата за самовработување како дел од оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година на Владата на Република Македонија, се реализира од страна на Министерството за труд и социјална политика, УНДП, Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ) како и Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ (АППРМ).
Улогата на АППРМ, во реализација на мерката самовработување, е во делот на изработка на бизнис планови како и поддршка преку обуки, совети и други информации во текот на првата година од работењето на новоформираните претпријатија, што се реализира преку Фондациите за поддршка на претпријатијата, односно регионалните центри (РЦ) и овластените советници во Програмата на ваучерското советување.
Советниците кои се овластени за изработка на бизнис план и кои се регистрирани во ваучерскиот систем на советување, имаат можност да бидат вклучени во Програмата за самовработување 2017 при што треба да изработат бизнис план за селектираните невработени лица кои се дел од оваа програма.
Во овој Трет циклус, средбите на советниците со селектираните невработени лица за кои треба да се изработат бизнис планови се планира да бидат реализирани согласно следниот распоред:

| Центар АППРМ | Центар за вработување | Датум на мечинг | Час | Место на средба (ЦВ) | Фаза |
|---|---|---|---|---|---|
| СКОПЈЕ | Скопје | 06.12.2017 | 10 час | Скопје | Прва |
| СКОПЈЕ | Скопје | 06.12.2017 | 12 час | Скопје | Прва |
| БИТОЛА | Битола | 06.12.2017 | 10 час | Битола | Прва |
| БИТОЛА | Ресен | 06.12.2017 | 10 час | Битола | Прва |
| БИТОЛА | Прилеп | 07.12.2017 | 10 час | Прилеп | Прва |
| БИТОЛА | Крушево | 07.12.2017 | 10 час | Прилеп | Прва |
| ТЕТОВО | Гостивар | 06.12.2017 | 10 час | Гостивар | Прва |
| ТЕТОВО | Тетово | 07.12.2017 | 10 час | Тетово | Прва |
| КУМАНОВО | Куманово | 06.12.2017 | 10 час | Куманово | Прва |
| КУМАНОВО | Кратово | 06.12.2017 | 13 час | Крива Паланка | Прва |
| КУМАНОВО | Крива Паланка | 06.12.2017 | 13 час | Крива Паланка | Прва |
| КУМАНОВО | Свети Николе | 07.12.2017 | 10 час | Свети Николе | Прва |
| КУМАНОВО | Пробиштип | 07.12.2017 | 13 час | Пробиштип | Прва |
| СТРУМИЦА | Берово | 06.12.2017 | 10 час | Берово | Прва |
| СТРУМИЦА | Делчево | 06.12.2017 | 10 час | Берово | Прва |
| СТРУМИЦА | Кочани | 06.12.2017 | 13 час | Штип | Прва |
| СТРУМИЦА | Штип | 06.12.2017 | 13 час | Штип | Прва |
| СТРУМИЦА | Струмица | 07.12.2017 | 10 час | Струмица | Прва |
| СТРУМИЦА | Радовиш | 07.12.2017 | 10 час | Струмица | Прва |
| СТРУМИЦА | Гевгелија | 07.12.2017 | 13 час | Гевгелија | Прва |
| СТРУМИЦА | Валандово | 07.12.2017 | 13 час | Гевгелија | Прва |
| ВЕЛЕС | Кавадарци | 06.12.2017 | 10 час | Кавадарци | Прва |
| ВЕЛЕС | Неготино | 06.12.2017 | 12 час | Неготино | Прва |
| ВЕЛЕС | Велес | 07.12.2017 | 10 час | Велес | Прва |
| ОХРИД | Дебар | 06.12.2017 | 10 час | Дебар | Прва |
| ОХРИД | Охрид | 07.12.2017 | 10 час | Охрид | Прва |
| ОХРИД | Кичево | 07.12.2017 | 10 час | Охрид | Прва |
| ОХРИД | Струга | 07.12.2017 | 12 час | Струга | Прва |

Во врска со реализација на средбите во наведените термини Ве известуваме за следното:

1. Најдоцна до **30.11.2017 година до 23:59 часот** потребно е преку соодветниот софтвер да се пријавите за ваше можно ангажирање на наведените локации и термини. При изборот на локациите и термини на настаните (средбите со клиентите) ВЕ МОЛИМЕ ДА ВНИМАВАТЕ ЗА МОЖНОТО ПРЕКЛОПУВАЊЕ НА НАСТАНИТЕ.
2. После Вашето пријавување на наведените локации и термини, невработените лица имаат можност да одберат соодветен советник.
3. Листата на апликанти кои Ве одбрале не е конечна и може да претрпи измени од страна на АППРМ доколку за тоа има потреба.
   - По добивањето на информациите од претходните точки, АППРМ, ќе Ве информира дали ќе бидете ангажирани и на која локација најдоцна еден ден пред отпочнување на предвидените средби со клиентите.

Средбите помеѓу советниците и клиентите ќе се организираат во просториите на Центрите за вработување каде Вие како потенцијални изработувачи на бизнис плановите би се запознале со клиентите, односно би отпочнале со процесот на советување и изработка на бизнис план. За овој дел од Програмата за самовработувањето каде АППРМ се вклучува со Ваучерскиот систем за советување, преку изработка на бизнис планови, важи Прирачникот на процедури за спроведување на програмата за ваучерско советување со кои се имате согласено.

Рок на завршување на бизнис плановите во оваа фаза е:

- **18 ДЕКЕМВРИ 2017 година**

**Напомена:**

1. Доколку сте вклучени како тренер во обуките за самовработување 2017, **НЕ МОЖЕ** да бидете вклучени и како советник за изработка на бизнис план во местото каде сте биле тренер.
2. Доколку, како овластен советник во Каталогот на советници на АППРМ, не сте добиле електронска пошта со Ваше корисничко име и лозинка може да се обратите до АППРМ, односно до:

- Никола Таневски 3 120 132 лок 103 (nikola@apprm.gov.mk)
- Маријан Стојчев 3 120 132 лок 113 (marjan@apprm.gov.mk)